**Народна банка на Република Македонија**
**Дирекција за статистика**

Скопје, 21 ноември 2016 година

## Соопштение за печат

## Монетарни движења во Република Македонија: октомври 2016 година

- **Паричната маса (монетарниот агрегат М4[1]),** во октомври 2016 година, забележа месечен и годишен раст од 0,9% и 3,9%, соодветно. Притоа, во однос на претходниот месец, кај депозитните пари[2], краткорочните и долгорочните депозити е забележано зголемување, при минимален пад на готовите пари во оптек. Годишниот раст, во најголем дел, е резултат на зголемувањето на компонентите на М1, а во помал дел и на долгорочните депозити.

- **Вкупните депозити**, во октомври, достигнаа највисоко ниво од почетокот на 2016 година, при остварен месечен и годишен раст од 1,0% и 4,0%, соодветно. Корпоративниот сектор и домаќинствата имаат речиси идентичен придонес за месечниот раст на депозитите, додека поголем удел во годишниот раст на депозитите има корпоративниот сектор.

- **Вкупните кредити** во октомври бележат месечен пад од 0,4% како резултат на падот на кредитите одобрени на корпоративниот сектор. Споредено на годишна основа, остварен е кредитен раст од 1,8%, што целосно произлезе од растот на кредитирањето на домаќинствата. Треба да се има предвид дека годишните промени на кредитите ги одразуваат и ефектите од Одлуката на Народната банка во однос на нефункционалните пласмани, при што без овој ефект годишниот кредитен раст во октомври изнесува 7,2%[3].

Табела 1. Вкупни депозити и кредити на недржавниот сектор

| | состојба (во милиони денари) | | | | | годишна промена | | | | | месечна промена | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | 12.2015 | 3.2016 | 6.2016 | 9.2016 | 10.2016 | 12.2015 | 3.2016 | 6.2016 | 9.2016 | 10.2016 | 9.2016 | 10.2016 |
| | | | | | | | во % | | | | во % | |
| **Парична маса М4** | **331,007** | **330,713** | **322,156** | **329,379** | **332,187** | **6.8** | **6.2** | **2.5** | **4.0** | **3.9** | **-0.4** | **0.9** |
| **Вкупни депозити** | **304,552** | **304,820** | **296,027** | **302,828** | **305,817** | **6.5** | **6.2** | **2.3** | **4.0** | **4.0** | **-0.4** | **1.0** |
| *од кои:* | | | | | | | | | | | | |
| Корпоративен сектор | 77,034 | 75,742 | 73,011 | 76,062 | 77,504 | 13.0 | 16.0 | 5.6 | 11.3 | 9.6 | -3.8 | 1.9 |
| Домаќинства | 212,056 | 213,661 | 206,118 | 209,734 | 211,155 | 4.1 | 3.1 | 0.2 | 1.2 | 1.8 | 0.9 | 0.7 |
| **Вкупни кредити** | **279,871** | **280,023** | **274,453** | **275,096** | **274,068** | **9.5** | **8.4** | **3.5** | **2.5** | **1.8** | **0.5** | **-0.4** |
| *од кои:* | | | | | | | | | | | | |
| Корпоративен сектор | 157,834 | 154,987 | 149,131 | 147,535 | 145,195 | 7.1 | 5.1 | -0.5 | -1.2 | -2.7 | 0.3 | -1.6 |
| Домаќинства | 120,832 | 123,887 | 124,192 | 126,505 | 127,784 | 12.9 | 13.0 | 8.8 | 7.3 | 7.5 | 0.7 | 1.0 |

Извор: НБРМ.

[1] Паричната маса М4 ги вклучува монетарниот агрегат М1 (готовите пари во оптек и депозитните пари), монетарниот агрегат М2 (краткорочните депозити) и долгорочните депозити. За подетаљно објаснување види методологија: http://www.nbrm.mk/WBStorage/Files/Statistika_metodologija_monetarna_statistika_05_2015_mak.pdf

[2] Депозитните пари се однесуваат на тековните сметки кај банките и штедилниците и тековните сметки на останатите финансиски институции кај Народната банка.

[3] На 17.12.2015 година, Советот на Народната банка ја усвои Одлуката за изменување и дополнување на Одлуката за управување со кредитниот ризик, според која најдоцна до 30 јуни 2016 година банките имаат обврска да ги пренесат од билансна во вонбилансна евиденција (и да продолжат да ги пренесуваат) сите побарувања коишто се целосно резервирани подолго од две години, односно кај кои пред најмалку две години банката го утврдила и целосно го покрила кредитниот ризик од ненаплата. И покрај преносот на вонбилансна евиденција на овие побарувања, банките го задржуваат правото за нивна наплата.







Извор: НБРМ.

## 1. Депозити и кредити на корпоративниот сектор[4]




Извор: НБРМ.

- Кај вкупните **депозити** на корпоративниот сектор, во октомври, бележиме раст и на месечна и на годишна основа од 1,9% и 9,6%, соодветно. Еднаков придонес за годишниот раст на вкупните депозити имаат депозитите примени во денари и во странска валута.

- Во октомври, кај вкупните **кредити** на корпоративниот сектор на месечна основа е забележано намалување од 1,6%. Споредено на годишна основа, забележан е пад од 2,7%. Сепак, доколку се исклучи ефектот од преносот на сомнителните и спорни побарувања од билансна во вонбилансна евиденција, согласно со Одлуката на Народната банка, годишниот раст на кредитите на корпоративниот сектор би изнесувал 4,0%.

[4] За потребите на ова соопштение корпоративниот сектор се однесува на јавните и останатите нефинансиски друштва.







Извор: НБРМ.

## 2. Депозити и кредити на домаќинствата[5]




Извор: НБРМ.

- Кај вкупните **депозити** на домаќинствата, бележиме месечен раст од 0,7%, којшто се одржува веќе неколку месеци по ред (од јуни годинава), додека на годишна основа депозитниот раст достигна 1,8% (највисока стапка од април наваму). На годишна основа растот произлегува од депозитите на домаќинствата примени во странска валута.

- Кај вкупните **кредити** на домаќинствата е остварен месечен раст од 1,0%, при годишен раст од 7,5%. Со исклучување на ефектот од преносот на сомнителните и спорни побарувања од билансна во вонбилансна евиденција согласно со Одлуката на Народната банка, годишниот кредитен раст кај домаќинствата би изнесувал 11,3%.

---

[5] За потребите на ова соопштение домаќинствата се однесуваат на физичките лица и самостојните вршители на дејност.







Извор: НБРМ.




Извор: НБРМ.

- Од аспект на намената на кредитите, кај **потрошувачките и станбените кредити** одобрени на физички лица, во октомври, се задржува трендот на постојан месечен раст од 0,8% и 1,6%, соодветно, при годишен раст од 14,3% и 14,6%, соодветно. Кај **автомобилските кредити,** за првпат по шест месеци, бележиме раст на кредитната активност на месечна основа за 1,4%, наспроти годишниот пад од 23,3%. Кредитите одобрени на **кредитни картички,** како и **негативните салда на тековните сметки** бележат месечен раст (0,3% и 2,1% соодветно), како и годишен раст (0,7% и 5,0%, соодветно). Кредитите одобрени по **други основи** бележат месечно намалување од 0,5%, додека на годишна основа се зголемени за 8,8%.

***

**Придружни информации**

Временски серии на податоци: Биланси и прегледи на депозитните институции, месечни податоци (http://www.nbrm.mk/?ItemID=4FCA40FAB7051A45B6C93DE5D8FB661D )

Методолошки појаснувања: (http://www.nbrm.mk/WBStorage/Files/Statistika_metodologija_monetarna_statistika_05_2015_mak.pdf )

Следни објавувања: Календар на објавување податоци http://nbrm.mk/?ItemID=7B1CC2F73E9A3641B2F05235A02C8BDC

Монетарни движења во Република Македонија: 21 декември 2016 година (референтен пресек заклучно со ноември 2016).

За новинарски прашања, ве молиме контактирајте со лицата од Кабинетот на гувернерот.

За подетални информации во врска со објавените статистички податоци, побарајте нè на: contact.statistika@nbrm.mk или на телефонскиот број 02 3215 181 локал 116 (или 110/108).